МЕДИУМИ | **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Осуда за заканите кон Ерол Ризаов

Даниела Трпчевска-Зафировска
11.08.2026

ЗНМ и АВМУ остро ги осудија заканите кон новинарот Ерол Ризаов и побараа институционална реакција. Реагираа и политички партии.

Осуда за заканите кон Ерол Ризаов *Фотографија: privat*

Здружението на новинари (ЗНМ) и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) остро ги осудија заканите, повиците за насилство и навредите упатени кон новинарот и колумнист Ерол Ризаов. Од институциите се бара итна истрага и санкционирање на одговорните, додека реакции пристигнаа и од повеќе политички партии.

АВМУ: Заканите кон новинарите се закана за слободата на медиумите

АВМУ предупреди дека новинарите мора да можат слободно и непречено да ја вршат својата работа, без закани, заплашување и притисоци. Од Агенцијата укажуваат на сериозноста на коментарите објавени на официјалната Фејсбук-страница на новинарот и колумнист Ерол Ризаов, во кои има закани, повици за физичко насилство и навреди по етничка основа.

Според АВМУ, создавањето атмосфера во која **заканите кон новинарите** стануваат дел од јавниот простор може да има сериозни последици врз слободата на медиумите и слободата на изразување.

„Заканите за физичко насилство, повиците за нанесување повреди или одземање живот, како и ширењето омраза и навреди врз етничка основа, не се дел од легитимната јавна дебата и не смеат да се релативизираат или нормализираат“, порачуваат од АВМУ.



ЗНМ очекува надлежните институции да ги утврдат идентитетите на лицата кои стојат зад профилите од кои се испраќани заканите кон новинар *Фотографија: Fotolia/THPStock*

ЗНМ бара итно постапување од институциите

Од ЗНМ информираа дека до Министерството за внатрешни работи е испратена ургенција со барање случајот детално да биде проверен, а електронските докази да бидат обезбедени и зачувани.

Здружението очекува надлежните институции да ги утврдат **идентитетите на лицата кои стојат зад профилите** од кои се испраќани заканите и да проценат дали постојат елементи на кривични дела поврзани со закани, поттикнување насилство и говор на омраза. Од ЗНМ нагласуваат дека заканите кон

новинарите претставуваат сериозен удар врз слободата на изразување и не смеат да бидат игнорирани.

И покрај одредени подобрувања во институционалното постапување, **онлајн заканите,** говорот на омраза и неказнивоста остануваат меѓу најголемите предизвици за медиумската заедница во Северна Македонија.

Реакции и од политичките партии

По реакциите на новинарските здруженија и АВМУ, со осуда на заканите кон Ерол Ризаов се огласија и политички партии.

Партијата за Движење на Турците (ТХП) оцени дека заканите, говорот на омраза и етнички мотивираните навреди претставуваат удар врз слободата на изразување и демократските вредности и побара институциите брзо да ги идентификуваат и санкционираат одговорните.

Либерално-демократската партија (ЛДП) најостро ги осуди заканите и повиците за насилство, нагласувајќи дека несогласувањето со нечие мислење не смее да биде причина за омраза и физички закани. Од партијата побараа МВР и Јавното обвинителство без одлагање да го истражат случајот.

Со реакција се јави и СДСМ, од каде оценија дека заканите кон новинарот се сериозен напад врз слободата на говорот и безбедноста на новинарите, при што побараа итна реакција од надлежните институции.

Даниела Трпчевска-Зафировска Даниела Трпчевска-Зафировска е долгогодишна новинарка и уредничка

© 2026 Deutsche Welle | **Заштита на податоци** | **Импресум** | **Дигитална достапност** | **Поставки за приватност**